| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | „Промените на природата во есен“ |
| **Содржина на денот** | Боите на есента |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Александра Дедес Трајковски |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор и потсетување на децата за придобивките од секојдневното оддржување на личната хигиена и хигиената во градинката и домот. |
| **Активности** | Активноста со детето можете да ја започнете со презентација на фотографии, сликовници и апликации со есенски содржини и мотиви преку кои детето ќе може да ги воочи промените во природата и карактеристиките на годишното време есен (слика 1, 2, 3, 4 и 5 ).<br>За подобро да ги воочат и визуелно запаметат промените кои се случуваат во природата во есен, најдобро е да им се организира на децата прошетка во блискиот парк, каде детето опуштено и релаксирано ќе може да набљудува.<br>Во така природна и релаксирана атмосфера може да се започне разговор со детето за тоа што гледа пред себе, како изгледаат дрвјата, дали е времето постудено ,дали врне, каква е бојата на лисјата“, притоа постојано да се поттикнува детето да поставува прашања и да биде активно во разговорот.<br>За време на прошетката можете да му предложите на детето заедно да соберете есенски лисја да ги однесете во домот и со нив да изработите есенско декоративно венче (слика 6 и 7). Во домот да си одберете место каде ќе го закачите есенското венче кое ќе ве потсетува на убавата есенска прошетка која сте ја имале со вашето дете во паркот. |